**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ - ПАВЕЛ ШАТЕВ**

# Т Е М А

# “Видови нематријална штета и надоместување на штета“

“

Предавач :
Судија Лидија Димова
Основен суд Велес

16.11.2022 година

# Содржина

- Основи за надоместување на штета
- -Некои процесни аспекти во постапка за надоместување
- Критериуми за надоместување на штета
- нематеријална штета и анализа на судска пракса



# Основи  за надоместување нематеријална штета

# Законска основ за одговорност на нематеријална штета

Основни одредби од ЗОО (Сл.весник на РМ бр.18/2001 и 84/08)

***Забрана за предизвикување на штета***

***Член 9***

“Секој е должен да се воздржи од постапка со која може на друг да му предизвика штета“

*(Одредбата се однесува за материјална и нематеријална штета)*

# Законски основ за одговорност на нематеријална штета

- ***Член 9-а – Заштита на личните права***

(1) Секое физичко и правно лице, покрај заштитата на имотните права, има и право на заштита на своите лични права согласно со закон.

(2) Како лични права, во смисла на овој закон, се подразбираат правата на живот, телесно и душевно здравје, чест, углед, достоинство, лично име, приватност на личниот и семејниот живот, слобода, интелектуално творештво и други лични права.

(3) Правните лица ги имаат сите наведени лични права, освен оние врзани за биолошката суштина на физичкото лице, а особено правата на добар глас и углед, назив односно фирма, деловна тајна, слобода на претприемништво и други лични права на овие лица.

*( Одредбата се однесува за нематеријална штета)*

# Законски основ за одговорност од нематеријална штета

Основи за настанување на обврските
Член 17-б

Обврските **причинување штета**настануваат со договор,, стекнување без основ, работоводство без налог, јавно ветување награда, издавање хартии од вредност и други случаи предвидени со закон.

# Основи на одговорноста

Член 141

(1) Тој што со вина ќе му причини штета на друг, должен е да ја надомести.

(2) За штета причинета од предмети или дејности од кои произлегува зголемена опасност од штета за околината, се одговара без оглед на вината.

(3) **За штета без оглед на вината се одговара и во други случаи предвидени со закон.**

# Посебни закони со кои се заштитуваат личните права

Закон за  граѓанска одговорност за навреда и клевета

Закон за спречување и заштита од дискриминација

Закон за авторското право и сродните права

Закон за индустриска сопственост

Закон за работни односи

Закон за задолжително осигурување во сообраќајот

Закон за здравствена заштита

Закон за правда на децата

...

# ПРОФЕСИОНАЛНА ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА

- Професионалната етика и дисциплинската одговорност на одделни професии историски гледано била силна и се засилувала со текот на технолошкиот развој и глобализацијата.
- Правниците, адвокатите, извршителите, нотарите, стечајните управници, вештите лица, судските преведувачи, медицинарите, лекарите, фармацевтите, градежниците, архитектите и другите професии се професии кои се вбројуваат во т.н. регулирани професии и подлежат на правилата на професионалното право.
- Ова не ги опфаќа само законските регулирани правила за реализација на нивната професија, туку и етичките и професионалните кодекси кои ја подигаат струката на повисок пиедестал.

# Услови



# СТРАНИ

**КАКО И КАЈ ДРУГИТЕ ОБЛИГАЦИИ, НЕОПХОДНО ЗА НАСТАНУВАЊЕТО НА ОБЛИГАЦИЈАТА ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА Е ПОСТОЕЊЕТО НА СУБЈЕКТИ – СТРАНИ НА ОДНОСОТ.**

**КАЈ ПРИЧИНУВАЊЕТО ШТЕТА НА ДРУГ, ТОА СЕ:**

- **ШТЕТНИКОТ И**
- **ОШТЕТЕНИОТ**

# ШТЕТНИК

- **ФАКТИЧКИ ШТЕТНИК**

  ФАКТИЧКИ ШТЕТНИК Е ЛИЦЕТО СО ЧИЕ ДЕЈСТВИЕ НАСТАНАЛА ШТЕТАТА КАКО ПОСЛЕДИЦА НА ДЕЈСТВИЕТО.

  ОТТАМУ, ЗА ПОИМОТ ФАКТИЧКИ ШТЕТНИК НЕ Е РЕЛЕВАНТНА СПОСОБНОСТА НА ПРИЧИНИТЕЛОТ

  Пример- ШЕТЕНИК МОЖЕ ДА БИДЕ И МАЛОЛЕТНИК, ШТО НЕ ЗНАЧИ ДЕКА ИСТИОТ И ЌЕ БИДЕ ОДГОВОРЕН ЗА ПРИЧИНЕТАТА ШТЕТА

- **ПРАВЕН ШТЕТНИК**

  ПРАВЕН ШТЕТНИК Е ЛИЦЕТО КОЕ *ОДГОВАРА ЗА ШТЕТАТА,* ПА ТОЈ Е ДОЛЖНИК ВО ОБЛИГАЦИЈАТА.

  ОТТАМУ, НЕ МОРА ДА ИМА ПОКЛОПУВАЊЕ ПОМЕЃУ ЛИЧНОСТА НА СУБЈЕКТОТ КОЈ ШТЕТАТА ЈА ПРИЧИНИЛ И СУБЈЕКТОТ КОЈ ОДГОВАРА ЗА ШТЕТАТА

  - Пример - ОДГОВОРНОСТ НА РОДИТЕЛИТЕ ЗА ШТЕТАТА КОЈА ЌЕ ЈА ПРИЧИНАТ НИВНИТЕ МАЛОЛЕТНИ ДЕЦА

# ОШТЕТЕН

**ОШТЕТЕНИОТ Е СТРАНАТА НА ОБЛИГАЦИЈАТА ШТО НАСТАНУВА СО ПРИЧИНУВАЊЕ НА ШТЕТА, ИЛИ НА КОЈА И Е ПРИЧИНЕТА ШТЕТАТА, ПА ТОЈ Е ДОВЕРИТЕЛ ВО ОБЛИГАЦИЈАТА.**

**СТРАНА НА ОШТЕТЕН МОЖЕ ДА БИДЕ КАКО ФИЗИЧКО, ТАКА И ПРАВНО ЛИЦЕ.**

**ОД КРУГОТ НА ОВИЕ ДВА ВИДА НА ЛИЦА, БЕЗ ИСКЛУЧОК, ОШТЕТЕН МОЖЕ ДА БИДЕ БИЛО КОЕ ЛИЦЕ, ДОКОЛКУ *МУ Е ПРИЧИНЕТА ШТЕТА.***

# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА ОБЛИГАЦИЈАТА

**ШТЕТНО ДЕЈСТВИЕ**

**ШТЕТА**

**ПРИЧИНСКА ВРСКА**

# ШТЕТНОТО ДЕЈСТВИЕ, КАКО ПРВ ОПШТ УСЛОВ

- ШТЕТНО Е ОНА ДЕЈСТВИЕ СО КОЕ НА ОШТЕТЕНИОТ МУ СЕ ПРИЧИНУВА ШТЕТА
- ШТЕТАТА МОЖЕ ДА БИДЕ ПРИЧИНЕТА СО ОДРЕДЕНО СТОРУВАЊЕ ИЛИ ПРОПУШТАЊЕ, ИЛИ, ПАК, СО ПРЕДМЕТ ИЛИ ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ, КОИ ПРЕСТАВУВААТ ИЗВОР НА ЗГОЛЕМЕНА ОПСНОСТ
- ЗА ДЕЈСТВИЈАТА ДА СЕ ПОЈАВАТ КАКО ШТЕТНИ  ПОТРЕБНО Е:
  1) ДА БИДАТ ПРОТИВПРАВНИ И
  2) ДОВЕДАТ ДО ПРИЧИНУВАЊЕ НА ШТЕТА НА ОШТЕТЕНИОТ

# ШТЕТА, КАКО ВТОР ОПШТ УСЛОВ

Член 142 од ЗОО

“Штетата е намалување на нечиј имот (обична штета) и спречување на негово зголемување (испуштена корист) како и **нанесување на друга физичка или душевна болка или страв (нематеријална штета)** ***повреда на личните права***

# ОБЛИЦИ НА НАДОМЕСТ НА НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА И ПРАВНИ ПРЕТПОСТАВКИ ЗА НЕЈЗИНО ДОСУДУВАЊЕ

Нематеријалната штета е предвидено да се надоместува:

- во вид на нематеријален надомест, или како морална сатисфакција и
- во вид на материјален надомест во случаите предвидени со закон.

# ПРИЧИНСКАТА ВРСКА (КАУЗАЛИТЕТОТ) КАКО ТРЕТ ОПШТ УСЛОВ

- **ПРАВЕН ПОИМ**

**ПРИЧИНСКАТА ВРСКА ПРЕСТАВУВА КОНКРЕТЕН ОДНОС КОЈ ПОСТОИ ПОМЕЃУ :**

**-ТОЧНО ОПРЕДЕЛЕНО ШТЕТНО ДЕЈСТВИЕ И**

**-ТОЧНО ОПРЕДЕЛЕНА ШТЕТА,**

**-ПРИ ШТО ШТЕТНОТО ДЕЈСТВИЕ ВО ТОЈ ОДНОС Е ПРИЧИНАТА ,**

**-А ШТЕТАТА Е ПОСЛЕДИЦАТА ПРОИЗЛЕЗЕНА ОД ТАА ПРИЧНА**



# Некои процесни аспекти во постапка за надоместување

# ТУЖБА

*Најчесто*

*ПРЕДМЕТОТ НА ТУЖБЕНОТО БАРАЊЕ Е ОПРЕДЕЛЕН ВО*

***П А Р И Ч Е Н И З Н О С***

# Барање да се отстрани опасноста од штета

- **Член 143**
- (1) Секој може да бара од друг да го отстрани изворот на опасност од кој му се заканува позначителна штета нему или на неопределен број лица , како и да се воздржи од дејност од која произлегува вознемирување или опасност од штета, ако настанувањето на вознемирувањето или на штетата не може да се спречи со соодветни мерки.
- (2) Судот, на барање од заинтерисираното лице, ќе нареди да се преземат соодветни мерки за спречување на настанувањето на штета или вознемирување, или да се отстрани изворот на опасноста, на трошок на држателот на изворот на опасноста, ако тој самиот не го стори тоа.
- (3) Ако штетата настане во вршењето на општокорисна дејност за која е добиена дозвола од надлежниот орган може да се бара само надомест на штетата која ги преминува нормалните граници (прекумерна штета).
- (4) Во случајот од став (3) на овој член, може да се бара преземање на општествено оправдани мерки за спречување на настанувањето на штетата или за нејзино намалување.

## **Барање да се престане со повреда на личните права**

Член 144

Секој има право да бара од суд или друг надлежен орган *да нареди престанување на дејствие со кое се повредува неговото лично право и да нареди отстранување на последиците настанати со ова дејствие.*

*Закон за спречување и заштита од дискриминација*

*Закон за индустриска сопственост*

*Закон за авторското право и сродните права*

# Доказни средства во постапки за нематеријална штета според ЗПП

**Расправно начело**

Секоја странка е должна да ги изнесе фактите и да предложи докази врз кои го заснова своето барање или со кои ги побива наводите и доказите на противникот.(чл.205ст.1)

**Член 209**

Ако се утврди дека на странката и припаѓа правото на надоместок на штета, на паричен износ или на заменливи предмети, **но висината на износот, односно количината на предметите не може да се утврди или би можела да се утврди само со несразмерни тешкотии, судот за ова ќе одлучи по слободна оцена.**

*Дали и како се применува оваа одредба???*

# Докази според ЗПП

- Увид

  по потреба за утврдување причинска врска, пример реконструкција на штетен настан

- Исправи и документи

  215-а (1) Документ претставува пишан запис, слика, цртеж, податок или информација од било кој вид зачуван на хартија или снимен во електронска, аудио, визуелна или во друга форма.

- Сведоци

  Во зависност од случај до случај

- Вештачење

  Најчест доказ и во делот на утврдување на фактот постоење на нематеријална штета и во делот на причинската врска освен кога таа е утврдена во друга/кривична или прекршочна постапка

- Сослушување на странките

  Во зависност од случај до случај

- *Други докази предвидени со посебен закон – **тестери – тестирање ситуација***



# Критериумиза надоместување на штета



# Надоместување на штета

- Член 187-а
- Нематеријалната штета се надоместува **нематеријално** (морална сатисфакција) и **материјално** (материјална сатисфакција) во случаите предвидени со закон. Објавување пресуда или исправка
- Член 188
- Во случај на повреда на личните права оштетениот може да бара, а судот да нареди на трошок на штетникот, објавување на пресудата, односно исправката, повлекување на изјавата со која е сторена повредата, или нешто друго со што може да се оствари целта која се постигнува со справедливиот паричен надоместок.

# Справедлив паричен надоместок

**Член 189**

(1) Во случај на повреда на личните права судот, ако најде дека тежината на повредата и околностите на случајот го оправдуваат тоа, ќе досуди справедлив паричен надоместок, независно од надоместокот на материјалната штета, како и во нејзино отсуство.

(2) При одлучувањето за барањето за справедлив паричен надоместок судот ќе води сметка за силината и траењето на повредата со која биле предизвикани физички болки, душевни болки и страв, како и за целта за која служи надоместокот, но и за тоа надоместокот да не е во спротивност со стремежите кои не се спојливи со неговата природа и општествената цел.

(3) За повреда на правото на углед и другите лични права на правните лица судот, ако најде дека тежината на повредата и околностите на случајот го оправдуваат тоа, ќе досуди справедлив паричен надоместок, независно од надоместокот на материјалната штета, како и во нејзино отсуство.

(4) Покрај овие правила, во одделни случаи, кога тоа со друг закон поинаку е уредено ќе се применуваат и правилата од тој закон.

## ПРИРОДА НА ПОВРЕДЕНОТО ДОБРО

- **МАТЕРИЈАЛНО ДОБРО - ИМА ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ**

- ***НЕМАТЕРИЈАЛНОТО ДОБРО (КАКО ЛИЧНО ДОБРО) - ИМА ВРЕДНОСТ САМО ЗА НЕГОВИОТ ИМАТЕЛ, А НЕ ПАЗАРНА***

# ОБЛИЦИ НА НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА

Правно признати облици

**Само оние кои се определени во Закон**

Облици на нематеријална штета кои не се правно признати

**Сите оние кои не се определени во Закон**

*Пр.Така, надомест за претрпени душевни болки заради ускратената посета и разгледување на одредени градови во рамки на програмата за туристичко патување, оценето е дека нема основ за признавање нематеријална штета.*

# ПОСЕБНИ *СЛУЧАИ* НА ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА

- ПОКРАЈ ПОСЕБНИТЕ *ВИДОВИ* ОДГОВОРНОСТ, ПОСТОЈАТ И ПОСЕБНИ СЛУЧАИ НА ОДГОВОРНОСТ, КАЈ КОИ Е ПОТРЕБНО ИСПОЛНУВАЊЕ НА НЕКОИ СПЕЦИФИЧНИ УСЛОВИ
- ОВДЕ НЕ СЕ РАБОТИ ЗА ПОСЕБНИ *ГРУПИ* НА ОДГОВОРНОСТ
- ТОА СЕ СЛУЧАИТЕ НА:
  - ОДГОВОРНОСТ ПОРАДИ ТЕРОРИСТИЧКИ АКТИ, ЈАВНИ ДЕМОНСТРАЦИИ ИЛИ МАНИФЕСТАЦИИ;
  - ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА НАПРАВЕНА ОД МЕЃУНАРОДНИ ВОЕНИ ИЛИ ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ
  - ОДГОВОРНОСТ НА ОРГАНИЗАТОРОТ НА ПРИРЕДБИ
  - ОДГОВОРНОСТ ПОРАДИ НЕДАВАЊЕ НА НЕОПХОДНА ПОМОШ
  - ОДГОВОРНОСТ ВО ВРСКА СО ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС и други

# Место Заключок



Да се определи справедлив паричен надоместок за нешто што нема своја цена е навистина тешко, затоа што секој човек е различен од другите, како што е различен интензитетот и времетраењето на неговите физички и душевни болки предизвикани од определен штетен настан.

# СУДСКА ПРАКСА НИЗ ПРЕСУДИ НА ВРХОВНИОТ СУД НА РСМ

# С У Д С К А   П Р А К С А
## анализа

# ВИ БЛАГОДАРАМ НА ВНИМАНИЕТО

## Прашања

